**Општина Охрид**
**Градоначалник**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалнасамоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид („Службенгласник на општинаОхрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14 и 15/20), а во врска со член 22 од Законот за младинскоучество и младински политики (Сл. Весник на РМ 10/20), Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри бр. 12- 923/1 од 07.04.2021 година, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт како и Одлуката за времено користење простор бр.08-7251/10 од 22.07.2021 година како и одлуката за изменување и дополнување на одлуката бр.08-18774/53 од 27.12.2023 година за времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Младински центар – Охрид, како и Одлука за изменување и дополнување за отстапување на времено користење простор и спроведување на постапка за формирање на Младински центар – Охрид бр.08-1172814 од 24.11.2021 година донесена од страна на Советот на општина Охрид, Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

Градоначалник
ул.Димитар Влахов
бр.57
6000Охрид
Тел.(046)262-469
Фах.(046)262-545
www.ohrid.gov.mk

# ПРАВИЛНИК
## За начинот,постапката и критериумите за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар-Охрид

### Член1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот, критериумите и постапката за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид.

### 1.Општи одредби

### Член2

Младинскиот центар е место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.

За таа цел општина Охрид отстапува на времено користење дел од простор на кој има право на трајно користење,лоциран во поранешната
„Стара касарна„ во Охрид, запишан во ИЛ бр. 95189 КО Охрид 2, добиен на трајно користење со Одлука на Владата бр. 44-7650/3 од 25.09.2018 година. Просторот е опишан како објект бр. 2 намена на зграда(В1), влез 1 кат 1.

Дел од просторот се отстапува за потребите на Младинскиот центар на општина Охрид. За оваа намена се отстапуваат следните простории:бр.1-39,33 м2 бр. 2 – 13,8 м2, бр. 3 – 33,5 м2, бр. 4 – 74,85 м2, бр. 5- 56,84м2, бр. 6 – 29,07 м2 и бр. 7 – 13,24 м2. Вкупно за младински центар се отстапуваат 260,63 м2.

Периодот на користење на просторот ќе биде 3 (три) години и во тој период младинската организација ќе управува со младинскиот центар.

Градоначалник
Ул.Димитар Влахов
бр.57
6000Охрид
Тел.(046)262-469
Фах.(046)262-545
www.ohrid.gov.mk

Надоместокот за режиските рошоци (струја, вода, греење) како и телефон и интернет за функционирање на Младинскиот центар се на товар на општина Охрид.

Општина Охрид е задолжена за работата на Младинскиот центар да обезбеди средства од Буџетот на општината.

Исплатата на финансиските средства ќе се врши врз основа на доставена годишна програма за работа на Младинскиот центар.

Висината на финансиските средства кои треба да бидат обезбедени од Буџетот на општина Охрид треба да бидат во процентуална вредност од 50 до 70% од потребните средства за реализација на поднесената програма за работа на Младинскиот центар Охрид. Согласно буџетот на општина Охрид за 2025 година во рамки на програмата за млади и невладини организации сеобезбедени 3.305.394,00 денари за функционирање на Младинскиот центар Охрид.

Оваа обврска за општина Охрид произлеува од: член 22 од Законот за младинско учество и младински политики (Сл. Весник на РМ 10/20), како и од Правилникот за стандарди и квалитет на младинските центри бр. 12-92/1 од 07.04.2021 година донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт.

Младинскиот центар Охрид, треба да биде од отворен тип и да им биде достапен на младите најмалку 40 часа неделно, распоредени во најмалку 5 дена.

**Право на учество**

**Член 3**

На Јавниот повик право на учество имаат младински организации, организации за млади кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија бр. 52/10, 135/11 и 55/16) и Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на РМ 10/20), како и формални и неформални младински коалиции кои се активни на полето работа со и за млади.

Граѓанската организација потребно е да ги исполнува следните услови:

- Да е регистрирана повеќе од две години;
- Да има решение од уписот во регистарот за младински организации кој го води МСПДМ;
- Да има искуство и даден придонес во областа на младинската работа;
- Да има стратешки план и годишна програма за работа за тековната година ;
- Да има капацитет за раководење со буџет, но не помал од буџетот кој го побарува со Предлог буџетот за спроведување на предложената програма од младинскиот центар.

Организациите апликанти потребно е да доставаат соодветна програма за работа на центарот преку која ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот на заедницата преку:

- Неформално образование:обучување и подучување на млади;
- Информирање,менторство и советување;
- Информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активност.

Градоначалник

Ул.Димитар Влахов

бр.57
6000Охрид

Тел.(046)262-469
Фах.(046)262-545
www.ohrid.gov.mk

**Начин и постапка**

**Член 4**

Аплицирањето се врши на стандардизирани обрасци кои се задолжителни за секој апликант и се составен дел на документацијата од самиот јавенповик.

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на пополнета пријава. Пријава се превзема од веб страната на Општина Охрид (www.ohrid.gov.mk) и се пополнува со впишување на податоци на означеното место со потпис и печат на овластеното лице.

Нема да бидат разгледувани пријави: доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и нецелосни пријави без приложени документи кои задолжително се бараат.

Пријавите со документите се доставуваат по пошта во затворен коверт на адреса: **Општина Охрид ул. „ДимитарВлахов“ бр. 57, 6000 Охрид или лично во Архивата на општина Охрид со назнаказа**
**„Јавен повик за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар - Охрид“**

Јавниот повик трае 15 дена од денот на објавувањето.

**Член 5**

Апликантите покрај пријавата, задолжително треба да ги достават и следните документи:

- Годишна програма за работа на младинскиот центар за 2025 година
- Предлог буџет за спроведување на предложената програма;
- Портфолио на организацијата или оранизациите кои се пријавуваат на јавниот оглас во кои јасно ќе се гледа нивниот придонес и работа во сферата на младинската работа;
- Биографии на сите лица кои ќе бидат ангажирани во спровеување на годишната програма – квалификувани младински работници врз основа на Националното портфолио за младински работници;
- Тековна состојба од ЦРМ не постара од шест месеци од организацијата која аплицира или организацијата која ќе биде носител на формална или неформална младинска коалиција;
- Договор за оформување на младинска коалиција (формална или неформална) во кој јасно ќе биде наведено кој е носител на коалицијата односно со кого општина Охрид ќе го склучи договорот за раководење со Младинскиот центар Охрид). Најмалку една оранизација мора да биде регистрирана во регистарот на младински организации кој говоди АМС;
- Решение издадено од АМС со кое се потврдува дека организацијата е дел од регистарот на младински организации кој го води МСПДМ;

Општина Охрид
Градоначалник

- Годишен финансиски и наративен извештај (завршна сметка од претходната година);

Со пријавата може да се достават и други документи/материјали за кои учесникот на Јавниот повик цени дека е потребно да ги достави.

Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат.

Градоначалник

ул.Димитар Влахов

бр.57
6000 Охрид

Тел.(046)262-469
Фах.(046)262-545
www.ohrid.gov.mk

**Критериуми за оценување**

**Член 6**

Доставените пријави по „Јавниот повик за начинот, постапката и критериумите за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар – Охрид„ ги разгледува Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 5 (пет) члена, од кои најмалку тројца да бидат од редот на вработените во општинската администрација а по еден член номинираат Собранието и Советот на млади на општина Охрид. Еден од членовите на комисијата се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година, со можност за повторно именување.

**Член 7**

Комисијата за отварање, разгледување, и одлучување по пристигнати пријави на „Јавниот повик за за начинот, постапката и критериумите за избор на младинска организација која ќе раководи со Младинскиот центар – Охрид„, работи во полн состав.

Комисијата нема да ги разгледува пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и нецелосни пријави, без приложени документи кои задолжително се бараат.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави утврдува ранг листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува Одлука за избор.

Одлуката за избор ќе биде објавена на веб страната на Општина Охрид (www.ohrid.gov.mk).

ПротивОдлуката на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на известувањето за извршениотизбор.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот на Општина Охрид.

По поднесениот приговор Градоначалникот формира комисија од три члена во која задолжително членува претседателот на комисијата задолжена за спроведување на јавниот повик. Оваа комисија е должна во рок од три дена да гиразгледа наводите во приговорот, да изврши проверка и на Градоначалникот да му предложи дали приговорот да биде прифатен или отфрлен. Градоначалникот донесува решение согласно предлогот на комисијата.

Градоначалник

ул.Димитар Влахов

бр.57
6000Охрид

Тел.(046)262-469
Фах.(046)262-545

**Член 8**

Градоначалникот на општина Охрид ќе формира Комисија за разгледување и евалуација на поднесените пријави по јавниот повик составена од пет члена. Согласно Правилникот за условите и критериумите за избор на младинска организација која ќе управува со Младинскиот центар Охрид, секој член на Комисијата има право да додели поени по сопствено убедување врз основа на следните критериуми:

- Организацијата е дел од регистарот на младински организации којговоди АМС 5 поени;
- Портфолио на организацијата или оранизациите кои се пријавуваат на јавниот оглас во кои јасно ќе се гледа нивниот придонес и работа во сферата на младинската работа – 10 поени;
- Има доказ за лица кои ќе бидат ангажирани во спроveување на годишната програма – квалификувани младински работници врз основа на Националното портфолио за младински работници – 10 поени;
- Програмата која е подготвена за работа на младинскиот центар е во согласност со стретешките цели и определби на општина Охрид – 5 поени;
- Организацијата има искуство во координација со младински центри – 10 поени;
- Има стратешки план и годишна програма за работа за тековната година – 5 поени ;

Вкупниот број на поени кој може да го добие организацијата апликанти знесува 45 поени. За комисијата да предложи до Градоначалникот да склучи договор со определена организацијата а треба да освои минимум 30 поени.

Комисијата врз основа на овие критериуми ќе достави мислење до Градоначалникот на општина Охрид, кој пак ќе донесе одлука за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар Охрид;

**Завршни одредби**

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

**Општина Охрид**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**